БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
FABRI KA ZA HI DROI ZOLACI SKI MATERI JALI

Врз основа на член 384, 387 и 388 од Законот за трговски друштва, член 21,24 и 25 од Статутот (Пречистен текст) на БИМ а.д. Свети Николе и Одлуката на Одборот на директори бр.02- 109/2 од 15.04.2021 год., Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

ЗА СВИКУВАЊЕ НА ГОДИШНО
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА БИМ а.д.СВЕТИ НИКОЛЕ

Седницата ќе се одржи на ден 26.05.2021 год. со почеток во 13:00 часот во ресторантот на Друштвото на ул. Железничка 164 Свети Николе.

За работата на седницата на Собранието се предлага следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**I .ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

-Избор на претседавач на Собрание, со Предлог Одлука
-Избор на бројач на гласови, со Предлог Одлука
-Избор на комисија за спроведување на тајно гласање, со Предлог Одлука

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото за деловната 2020 година, со Предлог Одлука,
2. Разгледување и усвојување на извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година, со Предлог Одлука,
3. Донесување на Одлука за распоредување на добивката по Годишната сметка на друштвото за 2020 год., со Предлог Одлука,
4. Донесување на Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2020 год. (дивиденден календар), со Предлог Одлука,
5. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2020 год., со Предлог Одлука,
6. Донесување на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп, со Предлог Одлука,
7. Донесување на Одлука за именување на ревизор на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2021 год., со Предлог Одлука,
8. Донесување на Одлука за неискористени средства за инвестиции, со Предлог Одлука,
9. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2020 година, со Предлог Одлука,
10. Донесување на Одлука за усвојување на Програма за работа за 2021 год., со Предлог Одлука,
11. Престанување на мандат и избор на нови членови на Одбор на директори, со Предлог Одлука,

12. Донесување на Одлука за определување на месечна награда на неизвршните членови на Одбор на директори, со Предлог Одлука,
13. Донесување на Одлука за определување на овластено лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар, со Предлог Одлука.

Вкупниот број на акции на БИМ а.д. Свети Николе изнесува 10155 обични акции, од кои 9679 обични акции се со право на глас.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставуваат до БИМ а.д. Свети Николе ул.Железничка 164.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на БИМ а.д. Свети Николе и Законот за трговски друштава.

Секој акционер може да овласти со полномошно (физичко или правно лице) свој полномошник на Собранието на друштвото, со давање на полномошно во писмена форма (без обврска да го завери полномошното на нотар). Акционерот треба веднаш по писмен пат, да го информира Друштвото, за назначување на свој полномошник на Собранието, преку архивата на друштвото. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за дадено полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното. Полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното, освен во случај ако полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на друштвото. Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

За полномошник на Собрание можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие предходно им обелоделениле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките од дневниот ред на седницата на Собранието за која и важи полномошното.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, односно да поставуваат прашања за точките од дневниот ред на седницата на Собранието по писмен пат, до Одборот на директори на Друштвото во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на Јавниот повик.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите и документите подготвени за Собранието како и дополнителните информации согласно Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој Јавен повик, секој работен ден од 07,00 – 15,00 часот во седиштето на Друштвото и на официјалната интернет адреса на Друштвото www.bim.com.mk.

Одбор на директори